ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРОМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПЛАТЕН ПРОМЕТ ОД 09.11.2026 ГОДИНА

Почитувани клиенти,

Ве информираме дека од **9 ноември 2026 година** започнува примената на новини во националниот платен промет, кои произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи и од соодветните подзаконски акти на Народната банка на Република Северна Македонија.

Измените се однесуваат на начинот на означување на денарските платежни сметки, шифрите за целта на плаќањето, како и на изгледот, содржината и начинот на пополнување на платните налози. Нивната цел е стандардизација на платежните податоци и усогласување со меѓународниот стандард ISO 20 022, со што се овозможува поунифициран начин на извршување и обработка на националните платежни трансакции.

Во продолжение ви ги претставуваме најважните промени што ќе започнат да се применуваат од наведениот датум.

1. Нов IBAN формат на денарската платежна сметка

Со воведувањето на новиот формат, денарските платежни сметки ќе се означуваат во IBAN формат.

Бројот на вашата постојна платежна сметка останува непроменет. Единствената промена е додавањето на ознаката **MK07** пред постојниот број на сметката.

Ова значи дека не се менува самата платежна сметка, туку начинот на кој таа се прикажува и означува за потребите на платежниот промет.

2. Промени кај ознаките за целта на плаќањето

Досегашните нумерички шифри за целта на плаќањето ќе бидат заменети со нови **четиризнаковни алфанумерички ознаки**.

Новите шифри ќе се користат за означување на основата и намената на плаќањето, согласно новиот стандардизиран систем. При подготовка и пополнување на платните налози, потребно е да се обрне внимание на изборот и правилното внесување на соодветната шифра за целта на плаќањето.

Кај плаќањата во валута различна од денари, како и за денарските плаќања кај кои плаќачот и/или примачот е нерезидент, се применуваат соодветните трицифрени шифри согласно прописите за платежни трансакции со странство.

3. Нови, стандардизирани денарски платни налози

Со оглед на тоа дека М Банка е cashless банка, во рамките на нашето работење, досегашните обрасци **ПП30, ПП50 и ПП53** ќе бидат заменети со нови, стандардизирани денарски платни налози, и во хартиена и во електронска ѓорма.

Новите платни налози ќе имаат изменет изглед, распоред и содржина на полињата, со цел појасно прикажување на податоците и усогласување со новите стандарди за обработка на плаќањата.

Најзначајните промени се следниве:

- **Описно означување на платните налози:** Досегашните називи на налозите, ПП30, ПП50 и ПП53 ќе бидат заменети со описни ознаки што јасно го означуваат видот на трансферот, односно кон кого се врши плаќањето. Ознаката ќе биде поставена во горниот десен агол на налогот.
- **Изменет изглед на обрасците:** Новите платни налози ќе бидат во црно-бел ѓормат, за разлика од досегашните обрасци што се користеа во боја.
- **Стандардизиран распоред на податоците:** Полињата за внесување на податоците ќе бидат со изменет распоред и содржина, во согласност со новите правила за стандардизација на платежните налози.

Овие промени ќе се применуваат и при користење на хартиените обрасци и при електронско извршување на платежните трансакции.

При извршувањето на платежните трансакции преку електронските сервиси, потребно ќе биде да се избере соодветната нова шиѓра за целта на плаќањето, согласно новиот систем на означување. Дополнително, во полињата каде што е предвидено, ќе биде потребно да се внесат адресата, градот и државата на налогодавачот, односно на примачот на плаќањето, согласно барањата на соодветниот платен налог,притоа податоците во град и адреса да бидат различни.

Што значат овие промени за вас?

Со почетокот на примената на новите правила, при извршувањето на платежните трансакции ќе биде потребно да се користат новиот ѓормат на платежната сметка, соодветните шиѓри за целта на плаќањето и новите стандардизирани платни налози.

Ве советуваме навремено да се запознаете со новините и да ги земете предвид при подготовката на вашите плаќања, со цел нивно непречено и правилно извршување. Новите шиѓри за денарски плаќања, листа на споредбени шиѓри со старите шиѓри и презентација за измените кај обрасците може да ги погледнете во прилогот подолу.

ПРИЛОГ

Прилог 1: Нови стандардизирани денарски платни налози

Досегашните обрасци ПП30, ПП50 и ПП53 се заменуваат со следниве нови платни налози:

а) Кредитен трансфер во денари – КТД (замена за ПП30)



б) Кредитен трансфер кон буџетските корисници – КТБ (замена за ПП50)



в) Збирен кредитен трансфер – ЗКТ (замена за ПП53)



г) Кредитен трансфер со странство – КТС



mBank

Налог

Кредитен трансфер со странство - КТС

Наименување на плаќачот

Наименување на примачот

Платежна сметка на плаќачот

M K 0 7

Платежна сметка на примачот

Опис на плаќањето (информација од плаќачот за примачот)

Шифра

Валута

Износ

,

Држава на нерезидентот

Назив на платниот систем

БИК на давателот на платежните услуги на примачот

Надоместок за извршување на налогот на товар на:

Плаќач (OUR) Поделен (SHA) Примач (BEN)

Статус на плаќачот

Резидент Нерезидент

Статус на примачот

Резидент Нерезидент

Друга идентификациска ознака на давателот на платежните услуги на примачот

Датум на поднесувањето

Датум (валута) на извршувањето

Потпис на плаќачот

Место за заверка на платниот налог

Прилог 2: Споредба на досегашните и новите шифри за целта на плаќањето

Во табелата се прикажани досегашните нумерички шифри и соодветните нови шифри (бројчена шифра и четиризнаковна ознака) што се применуваат од 09.11.2026 година.

Стара шифра	Опис на цел на дознака (досегашна шифра)	Образец	Нова шифра	Ознака	Опис на плаќање	Дефиниција
Образец ПП30			**Платен налог Кредитен трансфер во денари – КТД**			
100	Исплати врз основа на електронска пресметка на приход и данок поднесена до Управата за јавни приходи	30	**253**	**SALA**	Плата	Трансакцијата претставува исплата на плата.
101	Исплата на плата со безготовински пренос на средства	30				
188	Дневници и трошоци за службени патувања	30	**251**	**PRCP**	Плаќање на трошоци	Трансакцијата се однесува на плаќање на трошоци.
197	Исплата на други лични примања со безготовински пренос на средства: надомест за време на привремена спреченост за работа заради болест, несреќа предизвикана на работно место или професионално заболување	30	**230**	**ADCS**	Донации, спонзорства, консалтинг и други авторски или интелектуални услуги	Плаќање за донации, спонзорства, консалтинг и други авторски или интелектуални услуги.
			236	**BENE**	Надоместок за невработеност/инвалидитет	Трансакцијата се однесува на плаќање на лице кое е невработено/инвалид.
			248	**PAYR**	Платен список	Трансакцијата се однесува на исплата на плати по платен список.
197	Исплата на други лични примања со безготовински пренос на средства: социјална помош	30	**255**	**SSBE**	Социјална помош	Трансакција претставува надоместок за социјална помош односно плаќање извршено од страна на државата како социјална поддршка на поединци.
200	Плаќање по основ на промет на производи и стоки помеѓу правни субјекти, освен по основ на инвестиции	30	**95**	**GDDS**	Купопродажба на стоки	Трансакцијата се однесува на купување и продажба на стоки.
220	Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правните субјекти, освен по основ на инвестиции	30	**96**	**GDSV**	Купопродажба на стоки и услуги	Трансакцијата се однесува на купување и продавање на стоки и услуги.
262	Други неспоменати плаќања на правни субјекти по горенаведените основи	30	**198**	**NOWS**	Ненаведено	Трансакцијата се однесува на плаќање за услуги коишто не се наведени на друго место.
282	Плаќање на / од физички лица по основ на промет на осигурување (плаќање на премија)	30	**291**	**INSU**	Премија за осигурување	Трансакцијата претставува плаќање на премија за осигурување.
283	Плаќање (исплата) и надомести на штета на / од физички лица	30	**290**	**INSC**	Плаќање на побарување од осигурување	Трансакцијата е поврзана со плаќање на побарување од осигурување.
289	Други плаќања на / од физички лица	30	**202**	**OTHR**	Останато	Друга цел на плаќање.
420	Плаќање со цесија	30	**213**	**RRBN**	Верижно порамнување /цесија	Парично плаќање како резултат на цесија.
457	Плаќање (пренос) на средства на исто правно лице од една или повеќе сметки на трансакциона сметка во рамки на иста банка	30	**273**	**ACCT**	Управување со сметка кај давателот на платежни услуги	Трансакција со која се пренесуваат средства помеѓу две сметки на ист имател на сметка кај ист давател на платежни услуги.
468	Плаќање на средства по основ на дадена позајмица на правно лице	30	**295**	**LOAN**	Заем	Трансакцијата се однесува на одобрување на заем на заемопримачот.
469	Плаќање на средства по основ на дадена позајмица на физичко лице	30				
479	Плаќање на средства (денарска противвредност) за откуп на средства од девизен квалитет преку девизен пазар	30	**50**	**FREX**	Купопродажба на девизи	Трансакцијата се однесува на работење на девизниот пазар.
560	Уплата за солидарни и хуманитарни цели	30	**265**	**CHAR**	Плаќање за добротворни цели	Трансакцијата претставува плаќање за добротворни цели.
561	Уплати за спонзорства	30	**230**	**ADCS**	Донации, спонзорства, консалтинг и други авторски или интелектуални услуги	Плаќање за донации, спонзорства, консалтинг и други авторски или интелектуални услуги.
562	Уплата за донации	30				
568	Враќање на средства по основ на користена позајмица од правно лице	30	**296**	**LOAR**	Отплата на заем	Трансакцијата се однесува на отплата на заемот на заемодавачот.
569	Враќање на средства по основ на користена позајмица од физичко лице	30				
666	Плаќање на провизија на банки во платен промет	30	**187**	**FEES**	Плаќање на надоместоци	Трансакцијата претставува плаќање на надоместоци/трошоци.

Стара шифра	Опис на цел на дознака (досегашна шифра)	Образец	Нова шифра	Ознака	Опис на плаќање	Дефиниција
800	Уплати на сопствена сметка од дневен пазар и наплата на чекови на индивидуални трговци поединци	30	**274**	**CASH**	Управување со пренос на средства	Трансакција претставува општа инструкција за управување со парични средства.
801	Уплати на сопствена сметка и наплата на чекови од дневен пазар од трговска мрежа на трговски претпријатија	30				
811	Уплата по фактура за фиксни режиски трошоци: потрошена електрична енергија	30	**70**	**ELEC**	Сметка за електрична енергија	Трансакцијата се однесува на плаќање на сметка за електрична енергија.
812	Уплата по фактура за фиксни режиски трошоци: потрошено греење	30	**71**	**ENRG**	Енергија	Трансакцијата се однесува на плаќање на енергија.
813	Уплата по фактура за фиксни режиски трошоци: потрошена вода	30	**78**	**WTER**	Сметка за вода	Трансакцијата се однесува на плаќање на сметка за вода.
814	Уплата по фактура за фиксни режиски трошоци: телефонија	30	**76**	**PHON**	Сметка за телефон	Трансакцијата се однесува на плаќање на сметка за телефон.
910	Сторнирање налози и рекламации	30	**211**	**RIMB**	Повратна погрешно извршени трансакции	Трансакцијата претставува повратна на претходно погрешно извршена трансакција.
930	Останати плаќања	30	**202**	**OTHR**	Останато	Друга цел на плаќање.
290	Судски	30	**297**	**PENO**	Решенија, извршни налози, освен тие за алиментација	Плаќање врз основа на извршни налози освен оние кои произлегуваат од судски решенија за алиментација.
60	Други неспоменати плаќања и уплати на клиентска сметка во брокерска куќа	30	**55**	**SECU**	Хартии од вредност	Трансакцијата претставува плаќање на хартии од вредност.
620	Плаќање на камата по основ на користен краткорочен кредит на правно лице	30	**4**	**BKIP**	Наплатена камата на банкарски кредит	Пресметана камата. Специфично за банкарски кредити.
467	Плаќање (пренос) на средства по други кредитни основи	30	**295**	**LOAN**	Заем	Трансакцијата се однесува на одобрување на заем на заемопримачот.
511	Враќање на средства по основ на користен инвестиционен денарски кредит на правно лице	30	**296**	**LOAR**	Отплата на заем	Трансакцијата се однесува на отплата на заемот на заемодавачот.
517	Враќање (пренос на средства) по користени кредити од банки по други основи	30				
462	Плаќање на средства по основ на одобрен кредит од девизен квалитет	30	**295**	**LOAN**	Заем	Трансакцијата се однесува на одобрување на заем на заемопримачот.
463	Плаќање на средства по основ на одобрен рамков револвинг кредит-лимит	30				
464	Плаќање на средства по основ на одобрен станбен кредит на население	30				
289	Други плаќања на / од физички лица (мобилни плаќања)	30	**267**	**MP2P**	Мобилни плаќања од лице на лице (P2P)	Услуга која му овозможува на корисникот да користи апликација на неговиот мобилен телефон, да изврши трансфер на средства од неговата платежна сметка на платежна сметка на друго лице, притоа не користејќи го бројот на сметката, туку други идентификациски ознаки (како MSISDN, анг. Mobile Station Integrated Services Digital Network) за да го идентификува плаќачот / примачот на плаќањето во својата мобилна апликација.
284	Уплата на средства на физички лица за основачки влог	30	**189**	**GOVT**	Плаќање на државата/Плаќање од државата	Трансакцијата се однесува на плаќање на државен орган или плаќање од државен орган.
			202	**OTHR**	Останато	Друга цел на плаќање.
250	Аванси	30	**166**	**ADVA**	Исплата однапред	Трансакцијата претставува исплата однапред.
241	Плаќање на обврски пред прием на фактура	30	**166**	**ADVA**	Исплата однапред	Трансакцијата претставува исплата однапред.
Образец ПП50			**Платен налог Кредитен трансфер кон буџетските корисници – КТБ**			
–	ПП50 – реализација на налози кон државата и државните органи (досега без шифра)	50	**189**	**GOVT**	Плаќање на државата/Плаќање од државата	Трансакцијата се однесува на плаќање на државен орган или плаќање од државен орган.
–	Предлог за користење на шифрите од класификацијата даноци (8–19) и здравство (31–43)	50	**8**	**ESTX**	Данок на наследство	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на наследство.
			9	**FWLV**	Бенефиции за странски работници	Исплата на бенефиции за странски работници.
			10	**GSTX**	Данок на стоки и услуги	Трансакцијата претставува плаќање на данокот на стоки и услуги.

Стара шифра	Опис на цел на дознака (досегашна шифра)	Образец	Нова шифра	Ознака	Опис на плаќање	Дефиниција
			11	HSTX	Данок на станбен простор	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на станбен простор (англ. housing tax).
			12	INTX	Данок на доход	Трансакцијата се однесува на плаќањето данок на доход.
			13	NITX	Данок на нето-добивка	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на нето-добивка.
			14	PTXP	Данок на имот	Трансакцијата е поврзана со плаќањето на данокот на имот.
			15	RDTX	Такса за патишта	Трансакцијата е поврзана со плаќањето на таксите за користење на патиштата.
			16	TAXR	Повратна данок	Трансакцијата претставува повратна повеќе платен данок или даночна обврска и преплатен данок на доход.
			17	TAXS	Плаќање даноци	Трансакцијата претставува плаќање данок.
			18	VATX	Плаќање данок на додадена вредност	Трансакцијата претставува плаќање на данокот на додадена вредност.
			19	WHLD	Задржан данок	Трансакцијата се однесува на плаќањето на задржаниот данок.
			31	ANTS	Услуги за анестезија	Трансакцијата претставува плаќање на услугите за анестезија.
			32	CVCF	Услуги за реконвалесцентна нега	Трансакцијата претставува плаќање на услугите за реконвалесцентна нега.
			33	DMEQ	Трајна медицинска опрема	Трансакцијата претставува плаќање на набавката на трајна медицинска опрема.
			34	DNTS	Стоматолошки услуги	Трансакцијата претставува плаќање на стоматолошките услуги.
			35	HLTC	Здравствени услуги за домашна нега на пациент	Трансакцијата претставува плаќање на услугите за домашна нега на пациент.
			36	HLTI	Здравствено осигурување	Трансакцијата е плаќање на здравственото осигурување.
			37	HSPC	Болничка нега	Трансакцијата претставува плаќање за услугите за болничка нега.
			38	ICRF	Услуги за социјална заштита	Трансакцијата претставува плаќање на услугите на установите за социјална заштита.
			39	LTCF	Долгорочна здравствена нега	Трансакцијата претставува плаќање на услугите на установата за долгорочна здравствена нега.
			40	MAFC	Придонеси во Фондот за здравствена заштита	Трансакцијата претставува уплата на придонес во Фондот за здравствена заштита.
			41	MARF	Повратна трошоците за медицинска помош	Трансакцијата се однесува на надоместување на трошоците за медицинска помош.
			42	MDCS	Здравствени услуги	Трансакцијата претставува плаќање на здравствените услуги.
			43	VIEW	Офталмолошки услуги	Трансакцијата претставува плаќање на офталмолошките услуги.